# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЕСЕ ЗА ПЕРИОДОТ ЈУНИ 2007 - ЈУНИ 2008

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ НА РМ**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЕСЕ ВО ПЕРИОДОТ

## јуни 2007 – јуни 2008

**РЕЗИМЕ:**

Во програмската 2007-2008 година продолжија континуираните напори за имплементација на предвидените активности, но исто така воведување на нови прогресивни концепти и иницијативи.

Во рамките на одделни програми оваа година беа спроведени истражувања за утврдување на фактичката состојба на жените по однос на определени прашања, што подоцна послужи како основа за развој на потребните политики на национално ниво. Услугите кои традиционално ги обезбедуваме во рамките на Женскиот здравствен информативен центар и Центрите за правна помош и оваа година овозможија задоволување на потребите на нашите кориснички.

Оваа година исто така ја одбележивме со преземање на повеќе инцијативи кои значат воведување на нови концепти при промовирањето и приближувањето на правата на жените. Така,  создадовме одделна веб страница посветена на прашањето на семејно насилство (www.semejnonasilstvo.org.mk), организиравме денови на “Отворени врати со цел јавноста да се запознае со работата на ЕСЕ и директните услуги што ги пружа и изготвивме серијал на шест документарни целини, како и еден сублимиран именувани како “Гласовите на жените” кој има за цел популаризирање на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените како меѓународен инструмент за  заштита на женските човекови права.

Во духот на континуирано мониторирање и известување за состојбите на жените, ЕСЕ го подготви  и го презентираше Извештајот во сенка кон Конвенцијата против тортура, пред Комитетот на ООН, со што за првпат прашањето за насилство врз жените стана составен дел на извештајот  на нашата земја пред овој Комитет.

Развојот на човечките ресурси на ЕСЕ оваа година се фокусираше на градење и зајакнување на капацитетите на теми поврзани со организацискиот и институционалниот развој, како и на тематски прашања тесно поврзани со одделни програмските компоненти.

За време на периодот на известување, ЕСЕ учествуваше во консултативни процеси поврзани со Европската Унија, како што е подготовката на Заедничкиот меморандум за инклузија што Владата на Р.М. го иницираше минатата година.

За време на периодот на известување, беа подготвени и поднесени 5 предлог-проекти.Од вкупниот бој на поднесени предлог-проекти, 2 беа одбиени, 1 беше одобрен, а за 2 предлози чекаме одговор. Од друга страна, ЕСЕ беше ангажирано за спроведување на повеќе консултантски услуги.

**Програмските активности кои се спроведоа во рамките на секоја одделна програма се следните:**

## ПРОГРАМА ЖЕНСКИ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Програмата Женски човекови права, во периодот на известување продолжи со имплементирање на веќе започнатите активности во рамки на следниве три компоненти: Обезбедување на правна помош и судско застапување на жртвите на семејно насилство (ЦПП); Унификација на граѓанскиот и казнено-правниот систем за заштита од семејно насилство и подготовка на Национална стратегија за заштита од семејното насилство.

***Центри за правна помош (ЦПП)***

Обезбедувањето на професионални услуги, советување, психосоцијална подршка, и бесплатното застапување за жртвите на семјно насилство продолжија да се реализираат и во овој временски период преку работата на трите ЦПП во Скопје, Штип и Тетово. Жртвите на семејно насилство добиваат правна помош, која вклучува правен совет, подготовка на правни поднесоци, како и бесплатно судско застапување за граѓанските и кривичните постапки. Во периодот 01.06.2007 – 30.06.2008, во Центарот за правна помош во Скопје се обратиле вкупно 541 клиент, од кои 297 добиле психо-социјална поддршка, а 244 добиле правна помош. Што се однесува, пак до видот на правните области за кои клиентите побарале правна помош, поднесени се 119 барања за правен совет за издршка; 118 клиенти побарале правна помош за развод на брак; 33 клиенти се обратиле за имотно-правни односи, за старателство 6, и за кривични предмети 13 клиенти. Во споредба со минатата година оваа година зголемен е бројот на клиенти кои побарале правен совет за плаќање на издршка и за имотно-правни односи. Во Центарот за правна помош во Тетово се обратиле 98 клиенти, а во исто толкав број и во Центарот за правна помош во Штип. Што се однесува до судското застапување, беа обезбедени 18 бесплатни судски застапувања за жртвите на семејно насилство.

Проблемот со кој постојано се соочуваат жртвите на семејно насилство е економската несигурност, невработеноста, финансиската и станбената зависност од нивниот сопруг и долгите судски постапки.
Севкупниот ефикасен и професионален пристап во обезбедувањето на различните видови на психосоцијални и правни услуги придонесоа во промовирање на ваквите услуги како вредна придобивка за жените жртви на семејно насилство, како и за општата јавност. Во таа насока беа превземени посебни промотивни активности на локално ниво, наменети за стручната и општа јавност.

***<u>Унификација на граѓанскиот и кривично правниот систем за заштита од семејно насилство</u>***

Како дел од напорите во градењето на лесно достапен, ефикасен и квалитетен систем за заштита на жртвите на семејно насилство, Здружение ЕСЕ во партнерство со Акција Здруженска го иницираше процесот "Воспоставување на унифицирани и позитивни практики во борба против семејното насилство", финансиски поддржан од Глобалниот Фонд на ОН за елиминација на насилството над жените. Имено во овој период се финализираа севкупните активности кои отпочнаа во 2006 година.
Овој процес подразбираше унапредување и операционализрање на одредбите предвидени во Законот за семејство и Кривичниот законик, преку воспоставување на унифицирани постапки и координација на релевантните професионални структури.
Во рамки на унифицирање на граѓанскиот систем на заштита на жртвите на семејно насилтво, како резултат на согледувањата и препораките на голем број практичари беа подговени соодветни процедури за предлагање, изрекување, извршување и следење на Привремените мерки за заштита и беа подготовени измени и дополнувања на Законот за семејство, кои во јули оваа година беа усвоени од Собранието на Р.М. На крајот на овој процес беше подготвен и Водич за постапување на на професионалците во граѓанскиот систем на заштита, и тоа претставниците од Центрите за социјална работа, граѓанските судии, како и граѓанските организации кои обезбедуваат сервиси за заштита. Исто така се превзедоа и активности за унифицирање и стандизирање на работењето, како од страна на формалниот, така и од страна на неформалниот систем за заштита, заради обезбедување на квалитетна, координирана и ефикасна помош и поддршка на жртвите на семејно насилство.
Втората компонента, односно Унификација на кривично правниот систем за заштита помогна во развојот на заедничко разбирање при обезбедувањето на докази за случаите на семејно

насилство меѓу претставниците од Министерството за внатрешни работи истражни судии, јавни обвинители и кривични судии, како и во утврдување на листа на неопходни докази потребни за докуметирање на физичко, психичко и сексуално насилство. Исто така, за оваа група на професионални структури беше подготвен Водич за постапување.

Водичите беа подготвени од група на професионалци кои учествуваа во проектните активности. Нивното користење ќе овозможи ефективно имплементирање на законските одредби во пракса, и исто така тие ќе претставуваат и моќна алатка за обезбедувањето на соодветна заштита на жртвите на семејно насилство од страна на широка група на професионални структури.

Тие соддржат: теоретски концепти за феноменот на семејното насилство; цели, структури, карактеристики и мандат на секој релевантен актер во целокупниот систем за заштита; внатрешни процедури/стандарди за постапување во случаи на семејно насилство предложени од практичари, како и примери на позитивна и и негативна практика.

## ***Национална стратегија за заштита од семејно насилство***

Со усвојувањето на Националната стратегија за заштита од семејното насилство од страна на Владата, Р.Македонија, односно дефинирањето на приоритетните области, мерките и активностите за нивно постигнување во периодот од 2008-2011, значи воспоставување на стратешки одговор кон искоренувањето и превенцијата на оваа сериозна форма на насилство против жената.

Националната стратегија е изработена на иницијатива и со поддршка на Здружението ЕСЕ, како и претставници од страна на Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образование, преку серија на индивидуални и групни работни средби и состаноци во ресорните министерства. Истражувањето **”Живот во сенка”** беше основа за подготовка на националната стратегија, притоа вклучувајки детални податоци за темната бројка на феноменот и институционалниот одговор кон истиот. Утврдените недостатоци во однос на одговорот на институциите кон овој проблем (ЦСР, полиција , судови и обвинителства, здравствени установи, образовни институции), како и утврдените карактеристики на темната бројка на семјното насилство, беа преточени во самата стратегија во вид на конкретни цели и приоритетни активности за превенирање и елиминирање на семејното насилство.

Во изработката на стратегијата учествуваа и останати значајни актери, како што се владини и невладини организации, и одредени меѓународни организации.

По подготвувањето на предфиналниот документ, а со цел добивање на сугестии и препораки од експертската јавност, на 11.12.2007год. беше организирана поширока консултативна средба. На истата присуствуваа претставници од МТСП, граѓанските организации, релевантните министерства, центрите за социјална работа, претставници од меѓународни организации и др. Вредно е да се напомене формирањето на Национално координативно тело, надлежно за мониторирање на имплементацијата на стратегијата, кое е составено од претствници од релевантните министерства и граѓански организации кои работат на ова поле, меѓу кои и Здружението ЕСЕ.

Во насока на обезбедување на информации до пошироката јавност за податоците од истражувањето **"Живот во сенка"** беше подготвена и публикувана брошура на македонски, албански и англиски јазик.

**<u>Дополнителен проект</u>**

## ПРЕВЕНЦИЈА И ЕЛИМИНАЦИЈА НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

Водено од својата стратешка ориентација на полето на семејното насилство, ЕСЕ продолжи со системски напори во насока на унапредување на состојбите на ова поле. Нагласувајќи ја потребата од спроведување на приоритетите, мерките и активностите предвидени со **Националната стратегија за заштита од семејното насилство,** ЕСЕ во партнерство со релевантните владини министерства и граѓански организации ја иницираше имплементацијата на овој стратешки документ.

Во оваа насока, проектот којшто е поддржан од австриското федерално Министерство за социјални работи и заштита на потрошувачите, предвидува остварување на следните активности:

- Подготовка на заеднички протокол за справување со случаите на семејно насилство (*во фаза на финализирање);*

- Воспоставување на програма за поддршка на жртвите на семејно насилство, односно психосоцијална интервенција и третман, како и едукација за животни вештини (*чие функционирање ќе отпочне во 2009 год);*

- Едукација на професионални структури ( *оваа компонента ќе се реализира во текот на 2009 год) ;*

- Проценка на капацитетите на засолништата и едукација на вработените во истите (*оваа компонента отпочна со реализација кон крајот на оваа година, и ќе продолжи со реалзиација во текот на наредната 2009 год).*

## ПРОГРАМА   ЈАВНА ПОЛИТИКА И ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ

Во последните 14 години, програмата на ЕСЕ за учество на жените во политиката и одлучувачките структури работеше со цел да го зголеми учеството на жените во политиката и да ги изгради нивните капацитети. Бидејќи на ова поле се случија низа позитивни промени, односно се усвоија одредени законски измени што се однеуваат на женското политичко учество, ЕСЕ по направената проценка одлучи да го измени фокусот на дејствување на програмата. Така, оваа програма има за цел да го промовира прашањето на малцинските права и жените во политиката и да врши анализа за постоечката регулатива по однос на ова прашање. Ова ќе помогне за унапредување на управувањето со различностите. Во таа насока, ЕСЕ во овој период за кој известуваме своите програмски активности ги насочи кон локалните власти и нивните заедници.

### ***<u>Обука за мажи и жени од руралните области</u>***

Клучен аспект на процесот на децентрализација е демократското носење на одлуките. Сепак демократизацијата секогаш не подразбира и родово-сензитивна демократизација. Затоа ЕСЕ продолжи да ги насочува своите напори во подобрување на положбата на руралните жени. Во таа насока, 3 општини/области беа опфатени со програмските активности: Кочани, Гостивар и Прилеп. Треба да се нагласи дека селата што спаѓаат под нивна надлежност беа дел од процесот на градење на капацитетите на локално ниво. За таа цел, следниве села беа опфатени со програмските активности, и тоа: во општина Кочани -селата Облешево, Чешиново и Зрновци; во општина Прилеп – селата, Долнени, Кривогаштани и во Гостивар-селата Чајле, Врапчиште, Вруток, Равен и Маврово.

Целни групи на програмата беа жени и и мажи од руралните области, од коишто дел беа претставници од политички партии. Вкупно 81 лице, мажи и жени од руралните области од различни политички партии и со различно етничко потекло, учествуваа на тродневна обука што ги опфаќаше следниве теми: Децентрализацијата во Македонија низ законската регулатива; Родовата еднаквост и локалната самоуправа; Граѓанското учество во керирање на јавните политики во етнички мешани средини низ процесот на партиципативна интервенција.

Од досега оддржаните семинари можат да се донесат повеќе заклучоци. Учеството во заедницата, автономијата и самопомошта се есенцијални столбови за успех; на тој начин мажите и жените ќе го научат значењето од имањето на широки одговорности и надлежности за развој на нивната заедница. Иницијативите поттикнати од страна на ЕСЕ допреа до целната група на ефективен начин што со понатамошни напори ќе допрат до локалните власти за да имплементираат активности кои се предложени од нивните сограѓани.

***<u>Советувања во локалните рурални средини</u>***

По завршувањето на семинарите во руралните области, беа дистрибуирани прашалници на локалното население, со цел да се изврши проценка на потребите за советувања од одредена област, што ќе придонесе кон поуспешно креирање на темите за советувања. За таа цел се анализираа добиените податоци од кои се идентификуваа следните теми: Земјоделски кредити за руралните жени, родовата еднаквост и начините како локалната власт да стане родово одговорна, јавни даноци и закон за поседување на земјиште. Веднаш по ефективната подготовка и идентификација на обучувачи/ки за престојните советувања, се организираа советувањата во едно од локалните села што спаѓаат под соодветните општини. Од вкупно три советувања, се оддржаа две и тоа во Кочани и Гостивар. Поради зафатеноста на целната група (вршење на сезонски земјоделски работи) советувањето во селата од Прилеп беше одложено за септември 2008.

Како резултат на овие активности 32 учесници се здобија со знаење за земјоделски кредити, родова еднаквост, јавни даноци и начини како локалната власт да стане родово одговорна; се демонстрираше посветеност за реализација на иницијативи од страна на неформалните лидери и групи во руралните средини; се развија човечки, технички и политички капацитети за мобилизирање на неопходната поддршка од граѓанските организации и локалните општински лидери; се создаде база на идентификувани проблеми, слаби и јаки страни во секоја рурална област и мрежа меѓу локалните рурални средини.

Советувањата придонесоа кон создавање на сеопфатен пристап кон прашањата за граѓанско учество и соработка помеѓу заедниците на локално ниво. Од друга страна, советувањата создадоа поголема свесност за родовата компонента помеѓу претставниците на заедниците и локалната власт.

Третата програмска компонента за “Младите и ЕУ интеграцијата” не се спроведе во тековната програмска година како резултат на предвременото одржување на Парламентарните избори во јули, 2008. Таа ќе се одржи во септември 2008. Целната група за оваа активност беа млади луѓе од политички партии, поради што беше невозможно да се добие нивното целосно присуство и воедно, ефективно учество за целиот период на обуката. Подготвителните активности, односно идентификување на експерт за одржување на девет дневна обука се спроведе во овој период. Со тоа отпочна и подготовката на материјали и програма за споменатата обука.

## ПРОГРАМА ЖЕНИ И ЗДРАВЈЕ

Унапредувањето на положбата на жената во здравствениот систем преку нејзино подобрено информирање и подготовка за донесување на здрави избори, беше реализирано преку работата на Женскиот здравствен информативен центар во Скопје. Се превземаа систематски напори и активности во полето на обезбедување, промоција и лобирање за подобрување на здравствениот статус на Ромите.

### ***<u>Женски здравствен информативен центар – ЖЗИЦ</u>***

Женскиот здравствен информативен центар преку својата работа продолжи да обезбедува достапни, професионални и бесплатни здравствени информации и советување за жените на следниве теми: менопауза, остеопороза, контрацепција и совети за бремени жени; директни услуги за мерење на крвен притисок, шеќер, масти и холестерол во крвта; финансиска помош за набавка на витамини, контрацептиви и лекови за жените кои се финансиски немоќни да ги набават истите. Во периодот на известување во центарот се обратија 95 клиентки, од кои 58% го посетиле центарот за да ги користат директните услуги, додека 42% користеле професионално советување и информирање, 7 клиентки ја користеа финансиската помош за набавка на потребните лекови. Најголем дел од жените кои се обратиле во центарот (58%) за информирање и советување, побарале информации и советување во однос на проблемите поврзани со менопаузата, оваа бројка, како и изјавите на самите жени потврдуваат дека нема доволно советувалишта за жените во менопаузата, а гинеколозите немаат доволно време да им посветат на своите пациентки за советување и информирање на овие теми. Во периодот ноември 2007 – април 2008 обезбедивме бесплатни прегледи за остеопороза за 30 жени. Интересот за овие прегледи беше особено висок поради фактот што овие прегледи се доста скапи и голем број на жени не можат да си ги дозволат иако имаат потреба од истите.

### ***<u>Здравје за сите, здравје за Ромите</u>***

Преку овој проект, ЕСЕ го започна процес на олеснување на пристапот на Ромите до здравствено осигурување. Активностите во периодот на известување беа претежно фокусирани на застапување и лобирање со цел унапредување на пристапот на ромското население кон услугите на здравствената заштита, а со тоа и унапредување на здравствениот статус на Ромите во Р. Македонија. Со таа цел беше спроведено и публикувано национално истражување помеѓу ромската популација, со наслов „Здравјето, здравствената заштита и влијанијата врз здравјето

кај Ромите во Р. Македонија”. Истражувањето беше спроведено во 636 ромски домаќинства, како и помеѓу претставници на ромски НВОи и здравствени работници кои работат во средини претежно населени Роми. Наодите од истражувањето ги прикажаа клучните проблеми со кои се соочуваат Ромите во однос на образованието, вработувањето, социјалните и економските фактори, пристапот до здравствената заштита и здравствената состојба. Сите овие показатели истовремено беа разгледувани од родов аспект, прикажувајќи ја понеповолната положба на жената Ромка во сите овие сфери. Наодите од истражувањето јасно ја прикажаа поврзаноста помеѓу неповолната социјална и економска состојба и влошената здравствена состојба кај ромското население. Истражувањето беше подготвено од страна на персоналот на ЕСЕ, а беше дадено на рецензија кај Проф. Д-р Дончо Донев и Проф. Д-р Моме Спасовски од Катедрата по Социјална медицина – Медицински факултет – Скопје.

Врз основа на наодите од истражувањето беше подготвен Стратешки документ за унапредување на состојбата со здравственото осигурување и здравствената заштита на Ромите, во кој беа вклучени сферите на загриженост и препораките. Стратешкиот документ беше подготвен од страна на работната група, составена од експерти од Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Фондот за здравствено осигурување, Институтот за Социјална медицина, Републичкиот завод за здравствена заштита, ЕСЕ и ромската невладина организација – ЦДРИМ. Така подготвениот Стратешки документ беше презентиран пред пошироката јавност на два отворени форуми во Битола и Делчево. Учесници на форумите беа претставници од локалните НВОи, локалната самоуправа и подрачните единици на МЗ и ФЗО. Целта на отворените форуми беше да се тестира рационалноста и остварливоста на предложените мерки, како и дополнување на истите. Откако беше финализиран, Стратешкиот документ беше поднесен до сите релевантни институции, додека самите учесници во работната група ја превземаа обврската да ги промовираат препораките од документот во своите матични институции. Наодите и препораките од документот во голема мерка ќе им помогнат на донесувачите на одлуки да донесат правни рамки со цел унапредување на здравствената состојба на Ромите во Р. Македонија.

Во овој период исто така се пристапи кон зајакнување на капацитетите на персоналот и волонтерите во Информативниот центар на ЦДРИМ, со цел да се обезбеди понатамошно самостојно, успешно и професионално оперирање на центарот. Оваа цел беше реализирана преку серија на обуки, на кои учесниците се запознаа со основните концепти на здравјето, правната рамка на здравствената и социјалната заштита, процесите на застапување и лобирање, како и со вештините за интерперсонална комуникација и советување. Како резултат на континуираната работа на Информативниот центар во Шуто Оризари, вкупно 157 семејства (околу 630 лица) се здобија со здравствено осигурување.

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ

Со цел ЕСЕ да биде препознаен како релевантен партнер на домашните и регионалните организации и институции, со зголемен капацитет за социјални промени, Одделот за развој има за цел  да ги прошири капацитетите за прибирање на средства на ЕСЕ, неопходни за реализација на нашата мисија, како и да го приближи ЕСЕ до општата јавност.

### ***Прибирање средства***

### ***Комитет за прибирање на средства***

Согласно Правилникот за работа на Извршниот одбор на ЕСЕ, во Член 4.3. предвидено е дека: “ИО може да формира комисии за да му помогнат  во спроведувањето на одговорностите”.
Со цел да се испита мислењето на членовите на ГС и извршниот одбор во однос на формирањето на Комисија за прибирање на средства и развој, и Комисија за програмско работење, до нив се дистрибуираа прашалници за улогата и мандатот на истите. Резултатите беа анализирани и служеа како база за понатамошно дефинирање на мандатот и улогата на комисиите на понатамошните работилници. Прашалникот кој беше одговорен од страна на 28 членови на ГС и извршниот одбор, содржеше 5 прашања групирани во две тематски области. Со цел понатамошно да се дефинира/ елаборира мандатот, улогата и фукционирањето  на комисиите, ќе се организира дводневна работилница во соработка со ЦИРа, која воедно е донатор на проектот.

### ***Информативен леток-писмо***

И оваа година, информативното писмо беше искористено како еден од методите за прибирање средства. Но, наместо да испраќаме писма само до индивидуалци кои се поврзани со нашата работа како и компании од кои користиме разни услуги, го проширивме обемот на приматели. Имено, оваа година испративме писма до различни компании, општини и амбасади во Р.Македонија.

### ***Кампањи***

Напорите за прибирање на средства во оваа година беа насочени кон две кампањи на ЕСЕ:  16 Меѓународни дена активизам против насилството врз жените и Кампања за подигнување на свеста за Остеопороза. Намерата беше да се интегрираат активностите од прибирањето на средства во регуларните кампањи кои целат кон подигнување на свеста за одредени прашања.

Првата акција беше насочена кон прибирање на средства од индивидуалци, а втората беше организирана во партнерство со бизнис заедницата.

### *Кампања за 16 Меѓународни дена активизам против насилство врз жените*

Секоја година ЕСЕ активно учествува во гореспоменатата кампања во периодот од 25ти Ноември до 10ти Декември. Оваа активност продолжи, но со проширен обем, во смисла на организирање на активности за прибирање на средства. Овој аспект беше инкорпорирани во специјалниот настан за промоција на истражувањето за семејно насилство „Живот во сенка", организиран на 30ти Ноември. На промоцијата, истото можеше да се купи по цена од 350,00 денари кои се наменети за поддршка на работата на Центарот за правна помош.

### *Кампања за подигнување на свеста за Остеопороза*

За организирање на овогодишната кампања за остеопороза, се обративме до компанијата "Кенди",инаку долгогодишен соработник на програмата Жени и здравје во ЕСЕ. "Кенди" прифати да донира 10 денари од секој продаден Остеовитал (витаминини за Остеопороза), а сумата беше наменета за бесплатни бондензитометриски прегледи за рано откривање на остеопороза за жените клиентки во ЗИЦ. Прегледите се вршеа во општата болница „Ремедика", која дополнително се вклучи во акцијата и обезбеди 10 бесплатни прегледи. Со кампањата беа обезбедени вкупно 30 прегледи.

Сите активности што се однесуваат на донирање на сретства, се нотираат во база на податоци. Имињата со контакти на индивидуалци, организации, компании, како и донираните суми и целта за која се донира се евидентираат и нотираат постојано. До сите поддржувачи пак, се праќаат писма за благодарност, а за активности (како што се отворените денови) се известуваат соодветно.

### *Годишната награда за филантропија во Македонија*

Во организација на Центарот за Институционален Развој – ЦИРа, оваа година за прв пат беше оддржана церемонијата за доделување на годишната награда за филантропија во Македонија. За таа цел имаше 37 номинации во сите четири категории. За своето филантропско ангажирање во оваа кампања, како номиниран од ЕСЕ, „Кенди", ја доби наградата за филантропија за мали и средни претпријатија. Одлуката за наградата беше донесена од шестчлено жири, составено од претставници од бизнис заедницата, медиумите, граѓанските организации и експерти од државата.

### *Новогодишна забава*

Почнувајќи од 2006 година, ЕСЕ органзира забава за децата на жртвите на СН што се клиенти во ЦПП, а кои моментално се сместени во прифатните центри. Оваа година забавата беше организирана за 40 деца , во придружба со нивните мајки. Беа донирани подароци за децата од страна на "Кенди", а со цел да се заштити дигнитетот и приватноста на гостите, на забавата не беа поканети новинари, но само беше пратено известување до печатот.

## ***<u>Односи со јавноста</u>***

Имајќи в предвид дека комуникацијата со јавноста е особено важен аспект за граѓанските организации, ги насочивме своите напори да создадеме креативни и постојани односи со јавноста кои ќе бидат од интерес за животот и постоењето на организацијата.

### *Денови на отворени врати*

Граѓаните, пријателите и поддржувачите на ЕСЕ имаа можност да се запознаат со целокупната работа и услугите кои ги нудиме, низ организираните "Денови на отворени врати".

### *"Гласот на жените"*

Со цел да се презентира фактичката состојба на жените во Македонија и да се популаризира CEDAW како инструмент за заштита на женските човекови права, ЕСЕ иницираше и имплементираше медиумски проект, поддржан од Македонскиот Институт за Медиуми (МИМ). Серијал од шест документарни целини и сублимиран документарен филм, насловен "Гласот на жените" беше продуциран и емитуван на Националната телевизија - Канал 5 .

### *Корпоративна брошура, редизајн на постојната веб страница на ЕСЕ и креирање на нова – тематска веб страница за семејно насилство*

Веќе подготвената стратегија за односи со јавноста на ЕСЕ, ова година беше инкорпорирана во сите програмски активности. Во тие рамки  вниманието беше насочено кон неколку методи за пренесување на нашите пораки, како што е подготовката на корпоративната брошура (на македонски и англиски јазик), како еден од најважните сретства за комуникација со јавноста. Понатаму, www страницата на ЕСЕ  www.esem.org.mk, е надградена и модернизирана.

Со цел да се промовира и да претставува извор на информации и податоци на полето на семејното насилство, ја креиравме првата македонска тематска www страница, www.semejnonasilstvo.org.mk

## КОНСУЛТАЦИИ, ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ПОДГОТОВКА НА ЗАКОНИ И ИЗВЕШТАИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО

Во периодот на известување, ЕСЕ продолжи активно да ја мониторира состојбата по однос на имплементацијата на меѓународните документи за заштита на женските човекови права и за неа да известува пред надлежните меѓународни тела. На национално ниво ЕСЕ учествуваше во подготовка на извештаи и закони од области на родовите прашања.

ЕСЕ го поготви и го поднесе Извештајот во сенка кон Конвенцијата против торура до Комитетот против тортура во Женева на оддржана 40-та сесија на овој Комитетот во месец мај 2008 година. Процесот на подготовка на Извештајот во сенка беше помогнат од Светската организација против тортура (ОМСТ) од Женева. Со оваа организација ЕСЕ имаше успешна соработка и во процесот на подготовка на Извештајот во сенка кон Меѓународен пакт за граѓански и политички права (МПГПП) пред Комитетот за човекови права. Препораките на Комитетот против тортура и подготвените извештаи во сенка ќе бидат објавени на македонски и англиски јазик.

Што се однесува до учеството на ЕСЕ при подговотвка и усвојување на одредени закони, како значајни би ги издвоиле учеството на ЕСЕ во ревидирање на нацрт на Законот за бесплатна правна помош и давањето на мислење по однос на нацрт законот за семејно насилство. Имено, на 7$^{ми}$ февруари претставници на ЕСЕ земаа учество на седница на **Анкетната комисија за заштита на човековите права и слободи** на Собранието на Р.М.**.** Предмет на дискусија беше предложениот нацрт-закон за заштита од семејно насилство во рамките на семејството (посебен закон) поднесен од членовите на политичката партија НСДП. ЕСЕ во детали ги елаборираше аргументите против донесувањето на ваквиот посебен закон. Исто така и Женскиот парламентарен клуб организираше јавна расправа на оваа тема, на која беше поканета ЕСЕ како и претставник од МТСП кој детално ги презентираше причините против донесувањето на ваквиот закон. По сослушувањето на експертските мислења и аргументите презентирани од ЕСЕ, овој нацрт-закон беше повлечен.
Заедничкиот меморандум за инклузија како дел од пристапното партнерство помеѓу Европската унија и Р.М. како земја-кандидат, има за цел да ја подготви земјата за потполно учество во Отворениот метод за координација за социјална инклузија. Со цел потполно да се имплементира ОМК, Институтот за човекови права Лудвиг Болцман и МТСП ги вклучија граѓанските организации и единиците на локалната самоуправа во подговотвителниот период. Во таа насока, ЕСЕ го координираше процесот на утврдување на состојбата на жените во

областа на вработување, образование, социјална заштита, здравство и домување и изготви извештај кој содржи проблемска правна анализа и фактичка состојба по однос на сите наведени прашања.

За време на периодот за известување, вработените во ЕСЕ беа вклучени во испорачувањето на обуки за различни целни групи; од насилство против жените до фокус на фемонемот на СН. Би ја издвоиле обуката спроведена на покана на Академијата за судии и јавни обвинители. ЕСЕ активно учествуваше и во подготовката на програмата за обука, како и во вклучувањето на соодветни обучувачи. Три циклуси на обуки беа организирани од април до мај во апелационите региони во Скопје, Штип и Битола, како дел од континуираната едукација на овие професионални структури.

## ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ

Оваа година, развојот на човечките капацитети во ЕСЕ беше насочен кон зајакнување на знаењата за прашањата поврзани со организацискиот и институционалниот развој, како и по однос на прашања кои се предмет на работење на одделните програми. Дел од обуките, односно оние кои се однесуваат на организацискиот и институционалниот развој беа обезбедени во соработка со ОБСЕ и беа спроведени во континуитет на 2008 година. Така, дел од вработените учествуваа на следниве обуки: Нов развој на фискална рамка за граѓанските организации; Административно и финансиско работење; Напредна обука за застапување и лобирање ; Управување со проектен циклус; Финансиски менаџмент за не-финансиски менаџери и Пристап и подготовка за ИПА фондови.

Координаторите пак на програмите за Женски човекови права, жените и здравјето и јавна политика и добро владеење во ЕСЕ учествуваа на обуки и студиски патувања, кои им овозможија унапредување на познавањата по однос на одделни прашања/предемт на работа. Така, координаторот на програмата за "**Женски човекови права**" учествуваше на две студиски патувања за време на периодот на известување. Едно од нив се однесуваше на развој на владините напори да се превземат сериозни мерки за оддржливост и развој на граѓанските организации кои нудат социјални услуги на луѓето подложни на ризик низ практикување на концептот на **социјален договор.** Второто студиско патување се оддржа во Холандија од на тема "**Семејното насилство и системот на заштита".**
Координаторот на програмата за **"Јавна политика и добро владеење"** учествуваше на пет дневна интензивна обука за **"Малцинските права во процесот на локалната јавна политика**". Обуката се одржа во Будимпешта во организација на ОСИ, Будимпешта и едномесечен курс за

"Меѓународни човекови права и Хуманитарно право", финансиски поддржан од СИДА и Институтот Раул Валенберг.

Координаторот на програмата **"Жени и здравје"**, Борјан Павловски, учествуваше **на Летна школа за научно-истражувачка работа**. Организирана од страна на Катедрата по Социјална медицина при Медицинскиот факултет – Скопје, Американскиот кардиолошки журнал и Хрватскиот медицински журнал.

## Организациона поставеност и структура

**Генералното Собрание** на ЕСЕ се оддржа на 25 декември, 2007 година. Собранието беше посветено на презентирање и усвојување на два годишни наративни и финансиски извештаи, и тоа за периодот мај 2005 - мај 2006, односно мај 2006 – мај 2007. Двата наративни и финансиски извештаи беа усвоени.

**Извршниот одбор** на ЕСЕ во перидот на известување оддржа една средба. На средбата се дискутираше за имплементираните програмски активности за време на периодот на известување, кус преглед на подготвените и поднесените проекти и презентација на концептот за воспоставување на две работни тела на Извршниот одбор.

## Односи со јавност

За време на периодот на известување, покрај планираните активности, ЕСЕ организираше и медиумски настани кои беа во линија со стратегијата што ја донесе во однос на градењето на односите со јавноста.

Традиционално ЕСЕ ги одбележува Меѓународните **16 дена активизам против насилството базирано на пол** од 25[ти] Ноември до 10[ти] Декември. За таа цел , ЕСЕ и Акција Здруженска организираа кампања, именувана како Ти имаш право!-Барај заштита од семејното насилство!" во соработка со МТСП, МВР и претставниците на релавантни НВО кои обезбедуваат услуги на ова поле. На 30ти ноември, 2007 се одржа промоцијата на истражувањето "Живот во сенка". На овој настан беа презентирани наодите за природата, обемот и различните форми на насилство, како и институционалниот одговор кон овој проблем. На присутните им се обратија: Министерот за труд и социјална политика Љупчо Мешков, Амбасадорката на САД во Р.М. Џилијан Миловановић, Проф. Д-р Љупчо Арнаудовски, рецензент на студијата, Виолета Чачева, и Стојан Мишев, од името на авторите на публикацијата.На настанот беа присутни околу 90 претставници и три национални ТВ станици (МТВ, Канал 5 и Телма) и еден дневен весник (Утрински весник).

Наодите од истражувањето „Здравјето, здравствената заштита и влијанијата врз здравјето кај Ромите во Р. Македонија“ беа претставени на јавна промоција со прес конференција која се одржа на 30.06.2008 година. При промоцијата на истражувањето говореа Марија Гелевска, заменичка директорка на ЕСЕ, Проф. Д-р Моме Спасовски, како рецензент и Борјан Павловски, како автор. Повеќе медиуми ја следеа и известија по однос на прес конференцијата, помеѓу кои ТВ Сител, ТВ Телма, Радио Вати и Македонската Информативна Агенција – МИА. Со цел за промоција на наодите, Координаторот на програмата Жени и здравје, Борјан Павловски гостуваше во Утринската програма “Журнал“ на ТВ Сител и во попладневната контактна емисија на ТВ Алфа.

Активностите составен дел на програмата за Јавна политика и добро владеење, односно семинари и советување  кои се одржаа во Кочани, Гостивар и Прилеп беа соодветно медиумски покриени во локалните електронски и пишани медиуми.

Во рамките на програмата „Жени и здравје”  беше одбележан Меѓународниот ден за борба против Остеопороза (20$^{ти}$ Октомври) и Денот на женското здравје (28$^{ми}$ Мај). Електронските и пишаните медиуми на национално и локално ниво ги емитуваа овие настани.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЕСЕ ЗА ПЕРИОДОТ АВГУСТ 2007 - АВГУСТ 2008

# Преглед на планирани приходи и реализирани трошоци по програмски активности 2006-2009

| I. Трошоци по програми | Планирани во € | Планирани во МКД | Реализирани во МКД 2007-2008 |
|---|---|---|---|
| Програма здравствена едукација | 94.489,00 | 5.795.104,92 | 1.242.522,00 |
| Програма Женски човекови права | 155.774,00 | 9.553.774,80 | 3.303.593,00 |
| Програма учество на жените во политиката и одлучувачките структури | 54.509,00 | 3.343.091,47 | 633.042,50 |
| Одделението за развој | 62.276,00 | 3.819.449,35 | 1.300.294,74 |
| Административни трошоци на канцеларијата | 128.652,00 | 7.890.355,81 | 2.320.801,50 |
| Резерва | 4.300,00 | 263.723,00 | / |
| ВКУПНО | 500.000,00 | 30.665.500,00 | 8.800.253,74 |

| ПРИЛИВИ | |
|---|---|
| **Вкупни приливи   во МКД** | **8.110.302,00 МКД** |
| **Приливи во девизи** | **92.450,00 €** |
| **Продажба на девизи** | **5.507.382,00 МКД** |
| **Учество на ЕЕД во вкупниот износ на прилив 08.2007-08.2008** | **5.200.632,00 МКД** |
| **Процентуално учество на ЕЕД** | **64 %** |
| **Непотрошени средства од претходната програмска година** | **/** |
| **Приливи за реализација на програмски активности   2006-2007** | **8.110.302,00 МКД** |
| **Програмски трошоци 2007-2008** | **8.800.253,74 МКД** |
| **Остаток за наредна програмска година (програмски активности)** | **/** |

**Извештај за извршен увид во приливот на средства од ЕЕД и нивното трошење во периодот од август 2007 до август 2008 година**

1. Извршен е увид во финансиските извештаи кои се однесуваат на периодот август 2007 до август 2008. Средствата примени од ЕЕД (траншите во рамките на проектот 20060237Г ) предвидени се за трошоци за втората година од Програма за работа (2006-2009). Увидот во документацијата за направените трошоци извршен е за да се даде мислење за финансиските извештаи за овој период. Користејќи ја Македонската законска регулатива, која е во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди се потрудивме да видиме и утврдиме дали финансиските извештаи (планирани и потрошени средства) не содржат материјално значајни грешки и се поткрепени со веродостојни материјални докази. Испитувањата беа спроведени на основа на тест на евиденцијата која ги поддржува износите во финансиските извештаи.

2. Веруваме дека нашиот увид во документацијата претставува разумна основа за нашето мислење.

3. Според нашето мислење, финансиските извештаи даваат вистинска и точна слика за изворите и користењето на средствата од девизната сметка на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ, добиени од ЕЕД во рамки на проектот 20060237Г Програма за работа за периодот 2006-2009, во согласност со Меѓународните книговодствени стандарди, Македонската законска регулатива и целите на програмата.

4. Во однос на извештаите за трошоците:

   а) Сите трошоци се направени за спроведување на активностите за реализација на програмските цели, водејќи сметка за економичноста, ефективноста и нивната намена;

   б) Документација е адекватно чувана со цел да ги поткрепи направените трошоци;

   в) Направените трошоци и набавената опрема поткрепени се со договори и фактури.

Скопје, септември 2008 год.

Увидот го изврши:

Горан Цоневски